# НАСТАВА

В. КУШЕВСКИ

## ОСВРТ ВРЗ ИДЕЈНО-ВОСПИТНАТА СТРАНА НА ОДДЕЛНИ НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ОД ИСТОРИЈАТА НА ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И РЕВОЛУЦИЈАТА (На примерот на Востаничката 1941 година)

Ако се тргне од битната задача на нашето училиште: воспитување и формирање социјалистичко поколение, вооружено со неопходни знаења, подготвено за свесно и активно чување на придобивките на Народноослободителната војна и Револуцијата, за негување на нејзините светли традиции и изградбата и одбраната на татковината, на нејзиниот самоуправен социјалистички систем — тогаш во наставата по историја — преку обработката и усвојувањето на основите на историската наука — треба објективно да им се објаснува суштината на историскиот процес и историската перспектива (самоуправен социјализам — комунизам) на генерациите кои доаѓаат.

Но за да ги сака човекот својата татковина и својот народ, народите и народностите кои ја сочинуваат — треба бездруго да го познава нејзиното минато.[1])

Меѓутоа, кога ги истакнуваме обработката односно знаењата на историските настани, ние не мислиме само на нивната фактографска страна[2]) туку на нивното сестрано (целосно)

---

[1]) За да им е блиска КПЈ (СКЈ) на младите поколенија, тие треба да ја познаваат тешката, но славна историја на таа Партија, од нејзиниот настанок, патот што го измина, сè до наши дни. За да се засака Иво Лола Рибар, треба да го познаваат неговиот живот, неговата дејност како младински раководител, неговите животни идеали, како се борел за слободата на својата земја. Да се сака Кочо Рацин, треба и со посебно задоволство да се знае како велешкиот грнчар израснал во истакнат деец не само на македонското туку и југословенското револуционерно работничко движење и се вивнал во врвовите на нашите истакнати и продуховени пролетерски поети. За да се засака уште повеќе Тито, мора да се запознаваме со неговиот живот, неговото дело, заслугите што тој ги има за нас Македонците, југословенските народи и народности...

[2]) Ако се тргне од одредените денешни состојби во наставата по најновата историја на нашите народи и народности (Ослободителната војна и Револуцијата), може слободно да се констатира, според нашето мислење, дека од ослободувањето наваму ние имаме несомнени резултати. Имено, за разлика од порано, учениците денес повеќе ја изучуваат НОБ, таа временски и просторно повеќе е застапена, се работи со учебници

обработување, што е и појдовна претпоставка за реализација на истакнатата компонента на задачите на наставата по историја.

И покрај тоа што познавањето на историските факти е основа на историските знаења, и понатаму — што пред учениците, со посредство на наставникот треба да се одвиваат и прикажуваат историските слики и возбудливи сцени т.е. да „се оживува" минатото, да се даваат живи ликови на борците, хероите од НОБ, нивните подвизи — со што се дејствува врз чувствата и волјата на учениците, — ние истакнуваме дека не треба да се заборава и идејно-воспитната страна при обработката на историските факти т.е. да се дејствува со тоа врз нивниот разум, врз нивното правилно марксистичко идејно-политичко определување.

А во тоа решавачка улога има и личноста на наставникот со својата длабока марксистичка убедливост, кој треба да изнаоѓа и да знае успешно да ја експонира и да ја искористува за таа цел идејно-воспитната содржина на историските факти и појави. На пример, не е достатно само да се информира или да знае дека на Советувањето во Столице е донесена одлука: Главниот штаб на Народноослободителните партизански одреди на Југославија да се преименува во Врховен ... и дека се формирани покраински штабови, туку да се согледаат во оваа одлука и елементите на правилната политика по националното прашање што ја спроведувала КПЈ во текот на Народноослободителната војна. Или не е достатно да се наведе дека на I-то заседание на АСНОМ се усвоени одлуките на II-то заседание на АВНОЈ, туку дека на него, покрај другото, е извршен чинот на самоопределувањето на македонскиот народ и оти е и тоа сведоштво на правилната и доследна линија на нашето политичко и партиско раководство во решавањето на националното, овде и на македонското национално прашање. Имено, ако систематски и сознателно во наставниот процес се служиме со такви и слични констатации и обопштувања (согледувања) низ развојот на Народноослободителната војна и Револуцијата на таа тема — учениците, меѓу другите сознанија, ќе ја согледуваат на конкретен историски материјал политиката на нашата Партија по македонското национално прашање и кај нив ќе се формира сознание за она: што во историјата на македонскиот народ, за нас Македонците претставува КПЈ односно СКЈ во поглед на извојуваната национална слобода. Овој огромен политички капитал и авторитет со кој се

и со други основни прирачници, наставата ја изведува квалификуван кадар, така што денес нашите ученици располагаат несомнено со повеќе систематизирани знаења, со не мало количество фактографски податоци. Меѓутоа, затоа што во наставните програми и учебниците повеќе е пренагласен образовниот момент, се чини нашата настава по историја ја карактеризира главно обработка односно знаења на фактографскиот материјал и како да доминира неговото **наративно** изложување, описи на настаните, нивниот тек, при што има доста механичко и рекапитулативно во излагањето на материјалот односно во знаењата на учениците.

здоби нашата Партија во најновата историја на нашите народи и народности по националното прашање мора да биде една од главните идејно-воспитни компоненти од севкупноста на идејно-воспитните и образовните задачи на наставата по историја.

Со тоа што историските настани (и од Ослободителната војна и Револуцијата) се обработуваат и усвојуваат во нивната хронолошка постепеност (последователност) и просторна определеност, потоа и нивниот тек, — се исполнуваат само д в а односно т р и, секако важни методски елементи и барања. Меѓутоа, во наставниот процес, треба да се инсистира не само на знаењето на редоследот и текот на еден или друг настан, туку усвоените факти, односно настани или процеси што подобро да се с ф а т а т (разберат) т.е. да се воочи нивното место во историјата, нивното историско значење, во случајот: во историјата на Народноослободителната војна и Револуцијата — какво е нивното место и значење.

За илустрација на истакнатото методско прашање, ќе се послужиме со еден пример од нашата најнова историја, со обработката во средношколската настава по историја, на Востаничката 1941 година.

Ова многу важно прашање обично го обработуваме во раскажувачки (наративен) вид, задржувајќи се главно на прашањата: 1. — Кои и какви биле воените и политичките подготовки на востанието; 2. — Кога е донесена одлуката за востанието; 3. — Како и кога се кренале востанијата во одделните наши покраини, при што поопширно даваме податоци за 11 октомври (т.е. за Македонија), укажувајќи на предавничката улога на Шарло и истакнувајќи ја победата на линијата на ЦК КПЈ по однос на востанието. А на овие прашања се сведуваат и знаењата на учениците.

Очевидно е дека во обработката на Востаничката 1941-ва, во наставната практика осуствува а н а л и з а на овој револуционерен чин, што има за последица учениците не сосем да го сфаќаат неговото м е с т о и з н а ч е њ е во сета историја на Народноослободителната војна и Револуцијата, со оглед на нејзините резултати и карактер, а и воопшто во историјата на Втората светска војна.

Имено, анализа на Востаничката 1941 година е неопходна со оглед на тоа што Народноослободителната војна сама по себе си е с л о ж е н историски настан, па според тоа и соодветен комплексен наставен материјал. Со други зборови, ако е Ослободителната војна на нашите народи уште во својот почеток — во специфични историски услови — развивана и изведена победоносна **социјалистичка револуција,** раководена од авангардата на југословенската работничка класа (КПЈ), тогаш на Востанието од 1941 година не може да се гледа само како на „обичен“ востанички, туку р е в о л у ц и о н е р е н чин.

А за да може да се согледа односно да се сфати важноста и местото на споменатиот револуционерен востанички акт од 1941 година во историјата на Народноослободителната војна и Револуцијата, — ние во наставниот процес, меѓу другото, ќе треба да се користиме во методолошка смисла и со одредени **историски аналогии** или **споредувања** со други примери од борбата на пролетаријатот, од неговите револуционерни оружени акции, кога се тргнувало во решителна пресметка со експлоататорската класа, односно во борба за пролетерска власт и слично.

Најнапред да се потсетиме на местото и важноста што му придавале класиците на марксизмот Маркс и Енгелс на оружeното востание. Во американскиот весник „Њу-Јорк Дејли Трибјун", од средината на минатиот век, тие истакнуваат дека „... со востанието никогаш не смееш да се играш ако не си решил да одиш до крајот..." Ако со востанието веќе се започнува, тогаш треба да се дејствува со најголема решителност и да се преминува во офанзива. Дефанзивата е смрт на секое востание...". Оваа нивна мисла се смета за класична определба за востанието. Тргнувајќи од ова, Маркс укажувал и на важноста да се **избере погодниот момент** за почеток на востанието, користејќи го притоа и искуството на Париските комунари и на другите борби на работничката класа. Според него, моментот за востанието однапред не можел да се определи, зашто зависел од ситуацијата и од степенот на извршените подготовки.

Еклатантен пример за изборот на моментот за востание ни дава Ленин. Познато е дека Зиновјев и Камењев го имаат најавено решението на Централниот комитет на Болшевичката партија за оружено востание против Привремената влада на Керенски и во врска со тоа овој беше довел воени единици во Петроград и Москва, подготвувајќи се да изврши напад на Смолни — штабот на револуцијата. Меѓутоа, Ленин го испреварил овој настап на контрареволуцијата и р е ш и л в е д н а ш да започне востанието, револуцијата. Во неговото историско писмо до членовите на ЦК на Болшевичката партија од 24. X. 1917 (т.е. спроти денот на Октомвриската револуција — 7. XI. 1917 година, според новиот календар), тој ја соопштува оваа своја историска одлука. Истакнувајќи дека настапил момент на директна акција. Ленин меѓу другото, вели:

„Јас, другари, со сета сила ве уверувам дека сега сето виси на конец, оти на дневен ред се прашањата што не се решаваат со конференции или конгреси, туку исклучиво со народот, масите, борбата на вооружените маси. Треба по секоја цена, вечерва, ноќеска да се уапси владата... во никаков случај не треба да му се остави власта во рацете на Керенски и компанија до 25, никако... **Историјата нема да им ја прости колебливос-та на револуционерите кои можеле да победат денеска (а денеска ќе победат сигурно), а ризикувале утре да загубат многу, да загубат сè!**" (подвлекол В. К.).

Како што се гледа, Ленин тука дава класичен пример на изборот на моментот за востание, моментот во врска со кој секоја **нерешителност и колебливост** би биле еднакви со **предавство** на делото на револуцијата, на делото на работничката класа, на нејзините највитални интереси, на нејзината историска мисија.

Во согледувањето на изборот на моментот и воопшто на важноста на востанието на нашите народи во 1941 година, — сега ние со поголем интерес и внимание, а и со сигурност ќе пристапиме и полесно ќе се ориентираме во согледување и анализа на условите кога е објавен почетокот на борбата против окупаторот и за рушење на старата власт. Имено, знаеме дека ЦК на КПЈ (Проширениот Политбиро на ЦК на КПЈ) за таков момент го сметал — нападот на Германија на СССР, бидејќи: КПЈ ги беше извршила политичките и воените подготовки за востанието; главнината на германската воена машина е ангажирана на фронтот спрема СССР; освен тоа, сега — со нападот на Германија на СССР — нашите народи имаа во СССР свој сојузник, односно морална поддршка на својата борба. Од друга страна, работниот народ на Југославија, кревајќи се на востание имал и обврска да ја изврши и својата интернационалистичка должност спрема работничката класа и останатите трудбеници на првата земја на социјализмот. Сево ова ја зацврстуваше верата во победата, зашто нашите народи знаеја дека нема да бидат сами во борбата што ја поведе напредното човештво против силите на Оската. Затоа, на 22 јуни 1941 година — т.е. истиот ден кога Германија го нападна Советскиот Сојуз, се состана Политбирото на ЦК КПЈ и им упати на народите на Југославија проглас во кој го повика народот во борба. Потоа, на 27. VI. е формиран Главниот штаб на Народноослободителните партизански одреди на Југославија, а на 4 јули 1941 година Политбирото на ЦК КПЈ донесе одлука да се започне сенародното востание против окупаторот.

Значи, при ваквиот приод и анализата на овој историски чин, служејќи се со соодветни историски примери на други востанички револуционерни акти — на учениците нема да им биде тешко поцелосно да ја разберат важноста и величината на овој историски чин, кој има дури и судбоносно значење во најновата историја на нашите народи и народности. Меѓу другото, дека оружената борба против окупаторот за ослободување на земјата била неминовна, дека народот со тоа ја зел судбината во свои раце, дека не допуштил да се предостави на милост и немилост на окупаторот и утре друг да му ја решава неговата судбина или да го чека ослободувањето на други. Од друга страна, од анализата на овој судбоносен историски чин, полесно се согледува и зрелоста на партиското раководство на КПЈ (на субјективните сили на нашата ослободителна војна и Револуцијата), кое ја процени ситуацијата и го одбра погодниот момент за востанието — моментот „со

кој секоја нерешителност и колебливост би биле еднакви на предавство“ на револуцијата, на идеалите, на интересите на нашите народи, на нивните слободарски традиции и сл.

А во светлината на оваа анализа и овие заклучоци, уште појасно и поцелосно се согледува востаничкиот 11 октомври 1941 година на македонскиот народ — посебно во што се состоел опортунизмот, колебливоста и одбивањето на Методија Шаторов Шарло да ја прифати линијата на ЦК КПЈ за оружено востание на македонскиот народ, подведувајќи се и на неговите советодавци од Софија (ЦК на БРП-к), така што сево ова било рамно на предавство. Истовремено, подобро се согледува и историското значење на победата на линијата на ЦК КПЈ во Македонија за оружена борба, односно историското значење на самиот востанички акт — 11 октомври.

Но, и по извршената анализа на одредените настани, не е сè завршено . . .

Имено, по правилната анализа, сега настанува наредниот методски елемент — се пристапува кон оценката на историскиот настан, имено, дека од историска гледна точка востаничкиот историски чин (Востаничката 1941 година) е прогресивен и праведен, зашто востанието се кренало т.е. **ќе се води** против **поробителите**, во случајот против фашистичкиот завојувач, дека **правдата** е на страната на нашите народи. Самиот чин е и една од карактеристиките на Ослободителната војна која и во самиот нејзин назив тоа го содржи — народноослободителна.

Заедно со оценката на настанот, должни сме да ја дадеме и историската оценка и на постапката на хегемонот, на субјективниот фактор т.е. на нашето партиско раководство, оценка за неговата одлука за кревање на востанието и за моментот што е одбран за тоа, имено дека тој е правилно одбран по извршените подготовки и проценка на ситуацијата и условите.

Така нашиот ученик уште со обработката на Востаничката 1941 година (иако и подоцна ќе се дооформува претставата) осознава (согледува) дека само тој бил патот — нашата земја да се ослободи, да се спасат нашите народи од уништување, поробување, да се зачува единството на нашите народи и народности низ заедничка оружена борба и со тоа и нашите народи да се приклучат кон општата борба на напредното човештво во борбата против меѓународниот фашистички агресор и поробувач.

Ова е еден од начините во наставната постапка за формирањето на марксистичкото историско мислење, што значи (во зависност и од употребената методска постапка и форма на обработка) оспособување и на учениците самостојно да доаѓаат до вакви заклучоци, објективно да расудуваат за историските факти (настани), критички да ги оценуваат и сл.

А со ваква анализа на настанот од 1941 година (востанието) ние сме придонесле кон ориентирање на ученикот да ги осознава и тоа на конкретен историски материјал, односно да ги согледува основните поставки на марксистичката наука за развојот на општеството, односно на научниот социјализам, во случајов за улогата на авангардот на работничката класа — на пролетерската партија — во борбата на народите за своја слобода, на народните маси против општиот поробувач и владеачката експлоататорска бивша власт, на влегувањето на народните маси на чело со КПЈ не само за ослободување на земјата од окупаторот туку и за рушење на старото и создавање ново — социјалистичко општество.

Така од настан во настан, од час во час, од анализа во анализа и оценки, наставата по историја треба да ги воведува учениците (особено во средните училишта) кон основите на марксистичкото поимање на историскиот — општествен развиток како на целото општество, така и на нашите народи, во случајов историјата на Ослободителната војна и Револуција да биде обработувана врз марксистички основи. А тоа е големо предимство на наставникот — историчар во марксистичкото образование и воспитување на младите низ наставниот процес.